# ЗА МОГИЛА ГАРАНТИРАМЕ

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани пријатели, драги сограѓани!

Нашата општина е нашиот заеднички дом, нашето секојдневие, тоа е нашиот живот. Од сите нас зависи каква иднина ќе градиме и во каква општина ќе ги градиме работите што ни се важни. Изборите кои следуваат носат одлука за тоа колку ќе напредуваме, колку ќе одбереме надеж за големи чекори, а нам ни се потребни токму такви големи чекори кои ќе ги решат проблемите од нашето секојдневие. Општина без кал, со нови асфалтирани улици, нови сообраќајни решенија, нови паркови, игралишта, нова перспектива за сите генерации. Да вложуваме во спортот, да ја негуваме културата! Сите заедно да создаваме услови и за економски развој. Да не се троши времето на политички опции кои заборавaат на народот зашто чистиот образ мора да се зачува, исто како и достоинството што лесно се губи, но тешко се заработува. Јас сакам да ме гледате како вашиот човек во системот, кој заедно со вас ќе ги менува работите на подобро. Ветувам работа и беспоштедна битка за повеќе резултати. Заедно сме силата која ќе донесе промени. Заеднички да создаваме промени, да градиме проекти и да носиме победи. Заедно да создаваме нова иднина!

Со почит,

Драганчо Саботковски

# 2. 10 ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ

1. Изградба на градинка за околу 40 деца во село Могила;
2. Инфраструрктурно уредување на индустриската зона Петилеп, наменета за лесна незагадувачка индустрија;
3. Изградба на спортска сала во ОУ. „Кочо Рацин“ – Ивањевци;
4. Изградба на доводен цевковод за водоснабдување на населените места: Беранци, Српци, Вашерејца, Лознани, Подино, Новоселани, Ивањевци, СветоТодори и Трновци, вклучително и индустриската зона Петилеп;
5. Изградба и реконструкција на улици во сите населени места во Општина Могила;
6. Изградба на објект за потребите на ЈКП Пела Хигиен;
7. Реконструкција на делот од локалниот пат кој поминува низ населените места Беранци  и Долно Српци;
8. Изградба на повеќенаменски игралишта во населените места од општината: с. Ношпал, с. Мусинци, с. Трап, с.Будаково, Дедебалци и други;
9. Преработувачки капацитети - олеснување или целосно ослободување на давачки кон општината на инвеститори кои би отвориле преработувачки капацитети за земјоделски и сточарски производи.
10. Обезбедување услови за изградба на нови краци на Хидросистемот „Стрежево“ за наводнување на 200 хектари нови површини во Могила, Долно Српци и Беранци. Проектот ќе се реализира со поддршка на Влада и други извори на финансирање.



# 3. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалниот економски развој претставува одговорност на локалната самоуправа. Тоа значи постојана работа во насока на економско зајакнување на општината, а со цел да се подобри квалитетот на животот на граѓаните. За да се зајакне конкурентноста, главниот импулс за економски раст мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што може да создаде нови работни места и економска благосостојба на долг рок. Но, исто така на работата на приватните субјекти влијаат и поволностите за водење бизнис, односно условите што власта ќе ги обезбеди за нив.

Најважни проекти во функција на остварување на споменатите цели ќе бидат:

## ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА МОГИЛА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2021 ДО 2025 ГОДИНА:

Со изработка на Стратешки план за развој на општината ќе се дадат главни насоки за понатамошно системско и систематско делување на локалната власт и ќе се изработи Акциски план со предлог-мерки кои општината ќе ги имплементира;

## ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ОД ОПШТИНА МОГИЛА;

Реализација на Урбанистичкиот план за индустриска зона Петилеп - изградба на потребната инфраструктура:

Согласно изработената планска документација за изградба на индустриската зона Петилеп во општина Могила ќе се изгради потребната инфраструктура - водоводна мрежа од Градски водовод на Битола 2.2 км, пристапен пат во должина од 0.5 км., довод на електрична енергија. Зоната со површина од околу 30 хектари ќе има содржини на лесна и незагадувачка индустрија и услужни дејности. Со отворањето на овие капацитети ќе се отворат значителен број нови работни места;

## ПРОЕКТ СТИМУЛАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ:

За фирмите кои ќе отворат нови работни места ќе понудиме намалување на надоместокот за уредување на градежното земјиште

(комуналии), во зависност од висината на инвестицијата, бројот на вработени, еколошкиот аспект и други критериуми. Исто така, за да се поттикнат дополнително оние кои сакаат да регистрираат фирма, ќе имаат ослободување од обврската за плаќање фирмарина во првата и втората година од основањето на фирмата и данок на имот од деловни простории;

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА БИЗНИС-ФОРУМ:

Општина Могила ќе организира Бизнис форум - средби со бизнис-заедницата Целта е да се унапреди соработката меѓу компаниите од општината, да се споделат добрите работни практики и искуства, да се дискутираат можностите за заеднички настап на странските пазари и саеми. Со ова ќе се создадат услови и поголеми можности за проширување на постоечките бизниси, а со тоа и отварањето на нови работни места;

## ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ИНВЕСТИТОРИ ОД ДИЈАСПОРАТА:

Привлекување на потенцијални инвеститори од дијаспората - голем е бројот на лица од Општина Могила кои се печалбари и работат во развиените земји. Нивното искуство и капитал претставуваат голем потенцијал кој може да придонесе кон локалниот економски развој;

## ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМАЧКИОТ ДУХ КАЈ МЛАДИТЕ:

Ќе се работи на едуцирање на младите и давање помош при нивното професионално насочување, при што ќе се поттикнува претприемачкиот дух кај младите, со акцент на приватната иницијатива и можностите за самовработување;

## ПОГОЛЕМО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ И ПОСТИГНУВАЊЕ НА РАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ ВО ЦЕЛАТА ОПШТИНА:

Поголемо искористување на претпристапните фондови на ЕУ преку идентификување на заинтерсирани инвеститори кои би изградиле преработувачки капацитети за земјоделски производи, при што дел од средствата ќе се обезбедат преку ИПА фондовите;

## ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ:

Проектот опфаќа примена на серија на мерки за подобрување на енергетската ефикасност за заштеда на електрична енергија во

општествените објекти во Општина Могила, пред сè училиштата;

## РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ:

Развивање на понуда на содржини во Општина Могила кои ќе им се нудат на туристите, особено оние кои ја посетуваат Битола. Ќе организираме културни и туристички настани, екскурзии за посета на црквите и манастирите, обележување на патеки и др;

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА МОГИЛА И ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА ОПШТИНАТА:

Општина Могила динамично ќе одговара на потребите на жителите. Од општината ќе има лице задолжено за комуникација со жителите и посети на терен. Општината ќе биде сервис на граѓаните со сите информации и услуги кои ги дава.

- Пред да се започне со било каков процес на дигитална трансформација, најпрво потребни се обуки за населението кое би имало најголема корист од истите. Планирано е преку три едукативни центри во Могила, Ивањевци и Добрушево, преку бесплатни курсеви и преку проекти, со соработници и волонтери како предавачи, жителите да се обучат на основни компјутерски вештини и англиски јазик;
- Обуките ќе бидат бесплатни и организирани во повеќе села во општината, каде би се информирале поголем број на жители;
- Обуките ќе вклучат основни работи за пристапи до различни сервиси. Некои од нив се: како се креира е-маил, како online се пристапува до различни владини сервиси и информации од јавен карактер, користење на апликации, плаќање сметки online, начини за е-комуникација и сл.;

## Е-УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ:

- Надградба на постојните и воведување нов софтвер во рамките на општинската самоуправа, со цел подобрување на е-услугите кои им се нудат на граѓаните. Општината во соработка со ЗЕЛС ќе овозможи:
- Воведување Услуга: пријави проблем на која ќе можат да испратат слики и текст, да оставаат контакт информации и да добијат навремено решение на проблемот;
- Во соработка со Министерството за информатичко општество: Отварање на централизиран едношалтерски систем каде граѓаните од едно место ќе можат да подигнат повеќе документи како

што се: Извод на родени/умрени/венчани, имотен лист, и останати услуги. Вакви потребни се во Могила, Ивањевци и Добрушево, како три најголеми населени места низ кои непречено транзитираат сите граѓани;

- Во однос на комуналното претпријатие планирано е воведување на е-наплата без провизија за граѓаните. Со ова ќе се мотивираат корисниците да ги плаќаат сметките на побрз и полесен начин без провизија.
- Воведување на електронско плаќање на сите даноци и такси во општината, на тој начин што со пристап до веб-страницата на Општина Могила корисникот ќе има можност да избере линк кој ќе го однесе во делот на плаќање на конкретната услуга;
- Електронско издавање на дозволи за градба;
- Електронско издавање на Б интегрирани дозволи;
- Електронско водење на прекршочна постапка по Законот за јавна чистота;
- Електронски каталог на културни настани, во кој секоја општина ќе може да ги презентира културните настани и локалитети;
- Воспоставување на систем за плаќање на јавни локални давачки по електронски пат;
- Подобрување на транспарентоста за сите проекти и реализацијата на буџетот.



# 4. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

### ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО СЕЛО ДОБРУШЕВО:

Општината ќе изработи урбанистички план за индустриска зона во рамките на општината. Со ова ќе се овозможи продажба на парцели наменети за мали и преработувачки незагадувачки капацитети и ќе се отворат нови работни места;

### ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА МОГИЛА:

Локалната самоуправа предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за интензивирање на спроведувањето на легализација на диви-оградбите. Во таа насока, граѓаните ќе се вклучат активно во финализирањето на потребната документација и доставувањето во најкраток можен рок;

### ДОНЕСУВАЊЕ НОВИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ:

Донесување на нов урбанистички план за Могила со цел урбанизирање на нови парцели за изградба на деловни објекти и парцели за индивидуално домување.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Здравата животна средина е неопходен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. За ВМРО-ДПМНЕ концептот на одржлив развој е еден од принципите на работа во сферата на урбанизмот, а заштитата и грижата за животната средина преку отстранување на негативните влијанија од современиот начин на живот врз почвата, водата, воздухот и живите организми, наш врвен приоритет.

Наши основни мерки поврзани со заштитата на животната средина се: превенцијата од непрописното постапување со отпадот и шутот, превенцијата од создавање кризни жаришта од кои може да се развијат болести што ги загрозуваат здравјето и животот на граѓаните, едукацијата на граѓаните за придобивките на здрава-

та животна средина, подигнувањето на граѓанската свест и етичност, како и остро санкционирање на лицата и субјектите кои ќе извршат загадување на средината во која живееме.

## АКЦИИ ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА НА ОПШТИНА МОГИЛА:

Со овој проект предвидени се акции за пошумување на околината на Општина Могила. Проектот ќе се реализира преку организирање на акции и согласно можностите на општината, како и во соработка со училиштата, невладиниот сектор и Владата на Република Македонија;

## „ЗЕЛЕН ПОЈАС“

односно засадување на брзорастечки дрвја на границата со Општина Новаци со цел заштита од загадувањето од РЕК Битола. Поради големите климатски промени ќе иницираме масовни акции за  плански и стручно да се изведе разеленување на селата со дрвореди и паркови со високи дрвја, прилагодени на околината. Овие планови и акции ќе бидат со стручни консултации со Македонски Шуми и Шумарски факултет;

## ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

(градежен и комунален отпад). Дивите депонии во Могила, Трновци и други населени места ќе бидат исчистени и дислоцирани од страна на општината;

## ПРОЕКТ „НУЛА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ“;

## СОВРЕМЕН НАЧИН НА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДОТ;

Општината ќе спроведе мерки за осовременување на начинот на кој се собира сметот, како што е селективното собирање и сепарирање на отпад, соодветен транспорт до депониите, компостирање, депонирање и рециклажа и повторна употреба на најголем дел од отпадниот материјал. Во таа насока ќе ги спроведеме и следните активности:

- ЈП ПелаХигиена – Могила ќе понуди систем за селективно собирање на отпадот надоврзан на системот на селекција на отпад со стационарни – трансфер центри – рециклажни дворови или собирни центри. Поставување на корпи за селекција на отпад проследено со едукативна кампања за селекцијата и придобивките. Селектираниот отпад ќе се продава на компании овластени за

тоа, а средствата ќе се наменат за разубавување на улици, садење дрвја, цвеќиња и сл. Посебно депо за отпадна амбалажа од пестициди кое е особено опасно и треба да се менаџира;

- Современ начин на собирање на отпадот. За непречено и ефикасно работење на ЈКП Пела Хигиена и собирање и транспорт на отпад во Општина Могила, а согласно можностите на општината ќе набавиме ново возило за собирање на смет, со друга придружна механизација и алати. Преку селекцијата на отпад и соработка со компаните кои се задолжени за собирање на селективен отпад ќе се намали количината на отпад која се носи на депонија;

## ➤ ЧИСТЕЊЕТО НА КОРИТАТА

е особено важно за заштита од поплави и уредување/одржување на коритата на реките како уреден простор и пејзаж и редуцирање на фрлање на отпад и депонии;

## ➤ ДОИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНАТА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

во Могила, Добрушево и Ивањевци;

## ➤ ЧИСТЕЊЕ И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ

на  реката Суводолица во село Беранци;

## ➤ ЧИСТЕЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА

одводните канали во с. Вашерејца;

## ➤ ЧИСТЕЊЕ И УРЕДУВАЊЕ

на одводните канали во с. Ивањевци;

## ➤ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И

прилагодување на климатски промени и користење на одржливи извори на енергија и управување со води.

# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

- Субвенционирање на изградба на фотоволтаици за пумпи за наводнување на земјоделските површини на места каде нема систем за наводнување од ЈП Стрежево;
- Субвенционирање со одреден процент на вредноста на енергетско-ефикасни извори на енергија во домаќинствата, инвертер

клими, печки на пелети, колектори за топла вода и сл.;

- Субвенционирање за изградба на термофасади за куќите на жителите од општина Могила;
- Обезбедување на услови за изградба на фотоволтаични панели за производство на ел. енергија за приватни парцели и сопствени потреби на домаќинствата и фирмите;
- Иницијатива и поддршка за Топлификациски систем за снабдување со топлинска енергија од топлинската енергија (пареа) од РЕК Битола;
- Обезбедување централно парно греење со енергетски ефикасни енергенси во училиштата каде сè уште се грејат со печки;
- Реконструкција на покриви, фасади, подови со цел подобрување на енергетска ефикасност на училиштата во општината;

# КОМУНАЛНИ РАБОТИ – ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

- Изградба на доводен цевковод за водоснабдување на населените места Беранци, Српци, Вашерејца, Лознани, Подино, Новоселани, Ивањевци, Св.Тодори и Трновци, вклучително и индустриска зона Петилеп;
- Канализациона мрежа за селата Добрушево, Ивањевци, Ношпал, Дедебалци и Трновци;
- Реконструкција на водоводната мрежа во Могила (поправка на сите постоечки затворачи, за да не се прекинува водата за цело село кога има дефекти и поправка на сите постоечки испусти заради прочистување на водоводната мрежа);
- Решавање на проблемот со водоснабдувањето во повеќе населени места (Мојно, Мусинци);
- Изградба на бетонски отворен канал за атмосферските води на улицата ,,Методиј Андонов Ченто“, улицата ,,АСНОМ“ и улицата ,,Пелагонија“ во населеното место Могила;



# 5. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Важен предуслов за економскиот развој е инфраструктурата, која влијае врз деловните можности, но и врз вкупната привлечност на општината за работа и инвестирање.

Вложувањата во инфраструктурата се од витално значење за намалување на невработеноста и сиромаштијата, за зголемување на конкурентноста на економијата, постигнување забрзан економски раст и порамномерен регионален развој.

Затоа во Општина Могила неопходна е понатамошна реализација на јавни инвестициски проекти од областа на патната мрежа и транспортот со цел да се обезбеди пристоен живот за секој граѓанин и да се намалат нееднаквостите помеѓу урбаниот и руралниот дел од општината, но и да се создадат услови за развој на приватниот сектор.

## ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА:

- Индустриска зона Петилеп - изградба на потребната инфраструктура (довод на вода, одвод, струја, асфалтирање на улица) за побрзо привлекување на инвеститори со цел отворање на нови работни места;
- Изработка на основен проект за изградба на објект за потребите на ЈКП Пела Хигиена. Во овој објект ќе бидат сместени возилата и работните материјали на ЈКП Пела Хигиена со кои секојдневно се работи на терен;
- Реконструкција на делот од локалниот пат кој поминува низ населените места Беранци  и Долно Српци;
- Пробивање и изградба на локален пат за поврзување на Д. Српци со с.Ивањевци;
- Реконструкција на улица „Гоце Делчев“ 200 метра до фудбалскиот стадион;
- Изградба-асфалтирање на улица „Шемница“ во должина од 350 метри;
- Изградба – асфалтирање на улицата од левата страна на реката Шемница во должина од 700 метри;

- Изградба на улица покрај паркот од ул. „Борис Трајковски“ до ул. „Киро Глигоров“ во должина од 150 метри;
- Изградба на улица за поврзување на ул.„Пелагонија“ со ул. ,,Захарија Шумљанска“ во од должина 150 метри;
- Реконструкција на улица „Пелагонија“;
- Реконструкција на улица „Димче Могилчето“ во Могила од центарот до излезот кон Радобор (поставување нов асфалтен слој и изградба на тротоари од двете страни) во должина 1,2 км.;
- Партерно уредување на дел од кејот и коритото на реката Шемница;
- Во Алинци изградба – асфалтирање на патот до селската црква 0.5км.;
- Санација на оштетени делови - раскрсници на постоечките асфалтирани улици низ населените места;
- Реконструкција и асфалтирање на улици во населените места во Општина Могила;
- Пешачки патеки – тротоари;
- Асфалтирње на патот до манастир „Св. Петка“ во село Мусинци;
- Изградба на пат за поврзување на с. Добрушево - Општина Могила со с. Канатларци - Општина Прилеп. Овој проект ќе се реализира заеднички со Општина Прилеп - меѓуопштински проект;
- Изградба на пат за поврзување на Општина Могила со с. Кукуречани - Општина Битола. Овој проект ќе се реализира заеднички со Општина Битола - меѓуопштински проект.
- Улица во с. Мојно;
- Доградба на патот во с. Путурус 500 метри;
- Доградба на патот во с. Црничани до продавницата;
- Изградба на улица и патот до црквата во Ново Селани;
- Реконструкција на улица во с. Св. Тодори;
- Изградба – асфалтирање улици во с. Трновци;
- Изградба на улици во с. Ивањевци;
- Изградба на улици во с. Долно Српци;
- Изградба на улици во с. Беранци;
- Асфалтирање на улици во с. Вашерејца;
- Асфалтирање на улици во Лозани, Радобор, Долна Чарлија, Будаково, Трап, Дедебалци;
- Изградба на пат и скали до црквата во село Вашарејца.

## УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

Нашите најважни проекти во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Изградба на тротоари и реконструкција на дел од регионалниот пат Р-121 во населено место Могила;
- Изградба на тротоари во с. Ивањевци на дел од регионалниот пат Р-119;
- Изградба на тротоари во с. Добрушево на дел од регионалниот пат Р-120;
- Изградба на тротоари во с. Дедебалци на дел од регинален пат Р-120;
- Изградба на тротоари во с. Трновци на дел од регионалниот пат Р-119;
- Изградба на тротоари во с. Ношпал на дел од регионалниот пат Р-120.

## СООБРАЌАЈ

Во наредниот четиригодишен период ќе го реорганизираме и режимот на сообраќај во Општина Могила, а тоа ќе значи олеснета комуникација и поевтин превоз на граѓаните. Приоритети во однос на сообраќајот се: овозможување брз и непречен сообраќај на возила, обезбедување услови за сигурност и безбедност на учесниците во сообраќајот и искористување на сообраќајот за развој на економијата. Нашите најважни проекти за остварување на овие цели, ќе бидат:

- Обезбедување на автобуски линиски превоз за населените места Лознани, Ново Селани, Вашарејца, Долно Чарлија, Радобор и Мојно;
- Поставување на автобуски стојалишта согласно потребите на жителите;
- Редовно обележување на имињата на улиците и поставување на нови патоказни и сообраќајни знаци;
- Уредување на улично осветлување - Во следниот четиригодишен период ќе има целосна замена на постоечките улични светилки со штедливи односно економични светилки во сите населени места од општината и поставување на нови, согласно расположливите буџетски средства.



# 6. ОБРАЗОВАНИЕ

Вложувањата во образованието се вложувања во иднината на нашите деца и нивно формирање како здрави личности подготвени за современите предизвици.

Проекти, во функција на подобрување на образованието ќе бидат:

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ

- за обезбедување на квалитетни просторни услови за одвивање на настава во основните училишта, ќе реконструираме дел од училишната инфраструктура во Општина Могила.

- Опремување на основните училишта во Општина Могила со потребните наставни средства и помагала за поефикасна реализација на наставата.
- Реализацијатра ќе се одвива во фази  од 3 до 4 години во зависност од потребните средства. Проектот ке се реализира со средства од општината, донатори и МОН;
- Обезбедување на целосен училиштен прибор за секое прваче и еднократна финансиска помош;
- Обезбедување на целосен училиштен прибор за учениците од социјално загрозените семејства;
- Уредување на  училишниот двор  во ОУ. „Гоце Делчев“ - Могила;
- Реконструкција на фасада со цел подобрување на енергетска ефикасност  на ОУ. ,,Гоце Делчев“ Могила;
- Поставување на систем за енергетско ефикасно затоплување на училишната спортска сала ,,Иљо Лопатички“ - с.Могила;
- Оградување на училишниот двор од ОУ „Браќа Миладиновци“- Добрушево и уредување на спортските игралишта;
- Оградување и уредување на училишниот двор со изградба на спортско игралиште во ПОУ ,,Браќа Миладиновци“- с.Будаково;
- Оградување и уредување на училишниот двор со изградба на спортско игралиште во ПОУ ,,Браќа Миладиновци,,- с.Мусинци;
- Оградување на училишниот двор од ПОУ„Браќа Миладиновци“- Дедебалци и уредување на спортските игралишта;
- Реконструкција на надворешниот дел-фасада на ПОУ „Браќа Миладиновци“ - Дедебалци;

- Изградба на спортско игралиште во ПОУ „Браќа Миладиновци“ -с.Ношпал;
- Опремување со потребната инфраструктура и опрема на постоечкиот спортски полигон во дворот на ОУ „Кочо Рацин“- Ивањевци;
- Оградување, опремување со потребната инфраструктура и опрема на постоечкото спортско игралиште во дворот на ПОУ „Кочо Рацин“- Долно Српци;
- Нова спортска сала во ОУ „Кочо Рацин“- Ивањевци. Важен проект со цел поттикнување на правилен физички развој и поттикнување на спортскиот и натпреварувачкиот дух кај младите;
- Реконструкција на внатрешните ѕидови и надворешниот дел-фасада на ОУ „Кочо Рацин“-Трновци;
- Оградување на сите неоградени училишни дворови;
- Реконструкција на фасадата со цел подобрување на енергетска ефикасност на ПОУ „Кочо Рацин“ - Св. Тодори;
- Реконструкција на фасадата со цел подобрување на енергетска ефикасност на ОУ „Кочо Рацин“- Ивањевци;

## ЛОГОПЕД И ДЕФЕКТОЛОГ- НАЈМАЛКУ ЕДНАШ НЕДЕЛНО ВО СОРАБОТКА СО МЕДИЦИНСКИТЕ УСТАНОВИ ОД БИТОЛА;

## ПРОЕКТ „ОПШТИНАТА ГИ НАГРАДУВА НАЈДОБРИТЕ“

- со цел да ги поттикнеме најдобрите ученици, средношколци и спортисти, во соработка со приватниот сектор ќе се обезбедуваат средства со кои ќе се наградат најдобрите ученици, средношколци, студенти, а за студенти кои студираат на струки кои се дефицитарни во општината ќе се обезбедат стипендии. Посебни стипендии за студенти со просек над 9,00;

## СТИМУЛИРАЊЕ НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ Т.Н. ЕДУКАТИВНИ ЦЕНТРИ,

дигитализацијата и стекнување на нови вештини за работоспособно население, зачувување на занаети за економсмки развој и обнова на традиции и во функција на туристичка понуда.





# 7. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Единиците на локалната самоуправа како главни носители на социјалната заштита се одговорни за основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми.

Во Општина Могила ќе ги реализираме следните проекти од областа на социјалната заштита:

## ИЗГРАДБА НА ГРАДИНКА ВО МОГИЛА ЗА ОКОЛУ 40 ДЕЦА:

Во Општина Могила има потреба од отворање на градинка која ќе овозможи социјализација на најмладите и нивно згрижување, а родителите ќе можат да ги згрижат децата во градинка додека се на работа. Локалната власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ во соработка со Министерството за труд и социјална политика ќе изгради градинка во Могила. Со овој проект квалитетот на животот на граѓаните значително ќе се зголеми;

## ПОДДРШКА НА КЛУБОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА И ПЕНЗИОНЕРИ:

Поддршка на Клубовите за пензионери и стари лица од Општина Могила, преку организирање на еднодневни екскурзии и обезбедување услови каде Клубовите на пензионери ќе организираат активности за меѓусебно дружење;

## СОРАБОТКА СО АВРМ ЗА НАВРЕМЕНО ИНФОРМИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ И ПОВОЛНОСТИТЕ ОД ДРУГИТЕ АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ:

Општина Могила во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе се залага за навремено информирање на невработените лица за можностите, уловите и средствата кои ги нуди државата со спроведување на активните мерки за вработување, кредити за самовработување и зголемување на бројот на вработените во фирмите, како и за можностите за обуки, преквалификации и доквалификаци на невработените лица од општина Могила, со цел зголемување на нивната вработливост;

## ПРИСТАПНИ РАМПИ ЗА ЛИЦАТА СО ФИЗИЧКА ПОПРЕЧЕНОСТ:

Лицата со физичка попреченост имаат право на физички пристап до јавните институции на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата. Затоа Општина Могила со проекти и помош од донатори ќе изгради пристапни рампи до сите јавни институции и установи низ општината, со цел овозможување на непречено движење на лицата со физичка попреченост;

- Мобилна служба за посета на стари и изнемоштени лица;
- Обезбедување на дефектолог и логопед најмалку еднаш неделно во соработка со медицинските установи од Битола;
- Зголемување на еднократната финсиска помош за новородено дете;
- Отворање на старски дом со јавно приватно партнерство;
- Предност на социјални загрозени лица и самохрани родители при ангажирање на работници во сезонските ангажмани на комуналното претпријатие;
- Изградба на детски игралишта и забавни катчиња за најмладите. Во постоечките и идни паркови како посебни катчиња ќе се додаде занимлива содржина на парковите;
- Центри за ран детски развој во поголемите населени места;
- Организирање на екскурзии за пензионери и лица од социјални семејства;
- Развој на претприемништво за жени и млади;
- Повеќе можности за едукација и забава за децата;
- Младите да се опфатат како посебна категорија за младинско учество, активизам и креативно изразување;
- Воведување на шема на грантирање и посебен конкурс за поддршка на здруженија од општината се со цел да заживее здружувањето и да се мотивираат на активизам.



# 8. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Селото отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем понатамошен развој.

На најголем дел на граѓаните на Општина Могила земјоделството им е основно или дополнително занимање и тие се сведоци дека денес може да развие квалитетен и одржлив агро-бизнис.Тоа може да се постигне преку комбинирање на понудените можности на поддршка почнувајќи од добивање на почетен поволен кредит за започнување на бизнисот, поддршка за: набавка на живи животни, подигање на насади, набавка на опрема и механизација, потоа редовна годишна исплата на значители субвенции по хектар, грло или производ, поволно социјално осигурување и ниска стапка на персонален данок.

## СЕТ МЕРКИ:„ ИНФОРМИРАН И ОБРАЗОВАН ЗЕМЈОДЕЛЕЦ“

- во Општина Могила ќе примениме сет мерки за подобрување на знаењето и квалификациите на земјоделските производители, преку:

- Зајакнување на институционалните врски на истражувачките институци од областа на земјоделството со советодавните служби за пренос на технологии и информации формирани во општината и организирање на стручни предавања, како и трансфер на нови достигнувања и знаења од факултетите непосредно во пракса;
- Неформално образование и усовршување на земјоделците за клучни стручни активности поврзани со земјоделското производство, но и за економски активности со кои треба да располагаат (преработка и маркетинг на земјоделски и производи наменети за модернизација на технолошката и пазарната инфраструктура, зголемување на додадената вредност на прехранбени производи и постигнување усогласеност со стандардите за квалитет, здравје, безбедност на храна и стандарди на животна средина на ЕУ);
- Зајакнување на соработката со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и информираноста за Повеќегодишната програма за субвенционирање на земјоделското производство и информирање на земјоделците за активностите кои се предвидуваат;
- Навремено информирање за аплицирање на огласите за доби-

вање на земјиште во државна сопственост;

- Следење на законската регулатива поврзана со земјоделското производство и благовремено информирање на земјоделските производители за обврските кои произлегуваат од истата;
- Трибини за добри земјоделски практики;
- Поддршка за искористување на ИПАРД средствата - Обезбедување на средства за обуки за земјоделците со цел аплицирање и максимално искористување на финансиската помош од државата и ИПАРД фондовите, овозможување на поврзување и со приватни консултанти, преку т.н. Едукативни центри;
- Поддршка за формирање на Земјоделски задруги - Општината ќе ги поддржи постоечките земјоделски здруженија, но и формирањето на земјоделските задруги, поради подобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување на основни услови за работа и функционирање;
- Промоција и популаризација на развојот на органското производство, собирањето и третманот на самониknатите растенија.
- Општина Могила во соработка со претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го промовира и популаризира органското производство. Општината ќе организира и обуки и советувања за развојот на овој вид производство и можностите за пласман на органските производи;
- Поддршка на иницијативите за започнување на нови сточарски бизниси;

  Општината особено ќе ги поддржи иницијативите за започнување на нови сточарски бизниси во делот на говедарството, овчарството и козарството. Општината ќе обезбеди првенствено водопоила за напојување на стоката, помош околу подготовката на потребната документација со која се аплицира за користење средства од ИПА програмите и давање бесплатна едукација за сточарите кои сакаат да започнат свој бизнис;

- Поставување на мини акумулации на потегот меѓу Беранци, Долно Српци, Ивањевци, Путурус, Црничани за наводнување на земјоделските површини;

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛОВИ И ЛОБИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ КРАЦИ НА ХИДРОСИСТЕМОТ „СТРЕЖЕВО“

за наводнување на 200 хектари нови површини во Могила, Долно Српци и Беранци. Со изградба на краците ќе се овозможи непре-

чено наводнување на плодното земјиште кое ќе има големи приноси од земјоделските производи. Овој проект е неопходен во време на климатски промени. Проектот ќе се реализира со поддршка на Владата и други извори на финансирање;

- ## САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

во сите населени места во општината, со цел полесно функционирање на земјоделците. Максимално искористување на возилата и опремата на Комуналното претпријатие во интерес на граѓаните за изградба на полските патишта со поставување на пропусти, мовчиња и тампонирање;

- ## ОЛЕСНУВАЊЕ ИЛИ ЦЕЛОСНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДАВАЧКИ

кон општината на инвеститори кои би отвориле преработувачки капацитети за земјоделски и сточарски производи. Уште поголеми поволности ако инвеститорите се жители на општината и ако реинвестираат од своите средства и добивки;

- ## ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА,

со цел да се спречи прелевање на реките кои би ги поплавиле земјоделските површини преку заеднички проекти со водостопанство за заштита од поплави;

- ## ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА БРАНА НА ЦРНА РЕКА;

- ## ИЗГРАДБА НА ОДВОДНИ КАНАЛИ СО ЦЕЛ ИСЦЕДУВАЊЕ НА ВИШОКОТ ВОДА ПРИ ОБИЛНИ ВРНЕЖИ.



# 9. СПОРТ И МЛАДИ

- Изградба на спортска сала со трибина во село Могила. За реализација на проектот ќе се бара поддршка од Владата на Р. Македонија;
- Изградба на затворена спортска сала во дворот во училиштето во с. Ивањевци;
- Изградба и реконструкција на помошни простории, соблекувални во склоп на фудбалските терени во: Мусинци, Ношпал, Лознани, Трап, Дедебалци и др.;
- Опремување на парковите со справи од типот на отворена теретана;
- Изградба на повеќенаменски игралишта во повеќе населени места во склоп на училиштните дворови во: с. Ношпал, с. Мусинци, с. Будаково, с. Дебалци, с. Д. Српци и други.;
- Субвенционирање на нови купени велосипеди;
- Изградба на велосипедска патека на брегот на река Шемница;
- Поддршка на спортските клубови и здруженија - Обезбедување на финансиска помош на клубовите кои се натпреваруваат во соодветните лиги за цела сезона;
- Финансиска помош за детските школи за спорт (фудбал, кошарка, одбојка, ракомет) и стимулација за започнување со работа. Во соработка со Федерацијата за училиштен спорт и единиците на локалната самоуправа, низ координиран систематски пристап, ќе се унапреди развојот на училиштниот спорт преку одигрување општински натпревари помеѓу училиштните екипи во фудбал, кошарка и ракомет;
- Поддршка на традиционалниот турнир во мал фудбал во Могила - Општината ќе продолжи да дава континуирана поддршка на традиционалниот турнир во мал фудбал „Могила“, кој се одржува во Могила во јуни-јули месец секоја година;
- Ќе подржиме иницијатива за организација на турнир во мал фудбал во Добрушево;
- Ќе поттикнеме организација на турнир од ревијален карактер помеѓу фудбалските клубовите од општината, во соработка со ФФМ.
- Изградба на тениско игралиште во Могила;
- Оградување на постојните фудбалски игралишта во Вашерејца, Дедебалци, Ношпал, Лознани и Беранци;
- Општината ќе даде поддршка за организирање на спортска манифестација „Спортист на годината“ во соработка со училиштата и спортските клубови.



# 10. ТУРИЗАМ

Во новиот мандат општината ќе биде посветена на искорисување на конкурентските предности и максимално ќе се залага да ги развива и промовира најразличните видови на туризам, особено на селскиот туризам. Со тоа ќе ги задоволиме очекувањата и вкусовите на туристите, а Општина Могила ќе ја направиме погодна и препознатлива дестинација на туристичката мапа на Македонија.

За развој на туризмот во општина Могила ќе го ги спроведеме следните проекти:

## СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА МОГИЛА:

Подготовка на Стратегија за развој туризмот во општина Могила и Акциски план со што ќе овозможиме системски пристап за промоција на општината како атрактивна туристичка дестинација првенствено за привлекување домашни, но и странски туристи;

## ПОДГОТОВКА НА БРОШУРА СО ВОДИЧ И КАРТА НА ОПШТИНА МОГИЛА;

Општината ќе подготови брошура со водич и карта на Општина Могила. Во истата ќе бидат означени позначајните културни настани, туристичките локалитети, манастирите, сместувачките капацитети и капацитетите за исхрана, како и останати манифестации кои се одржуваат во нашата општина, а кои можат да бидат привлечни за туристите;

## РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ:

Ќе го развиваме руралниот туризам преку користење на средства од европските фондови, како и преку ИПАРД-програмата за поттикнување и развој на овој вид туризам, со што ќе помогнеме да се развие инфраструктурата и да се задржи уникатноста на нашите рурални средини.



# 11. КУЛТУРА

Ќе настојуваме Општина Могила да биде пошироко препознатлива како дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување преку :

**Проширување на програмата за култура во делот на реализација на Културно лето во сите населени места во општина Могила.**

Нашите најважни проекти во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ ЗА ПЕЈАЧИ АМАТЕРИ „ДОБРУШЕВО“;

Финансиска поддршка на традиционалната манифестација на македонски народни песни за пејачи аматери „ДОБРУШЕВО“. Средствата ќе бидат обезбедени од Општина Могила и спонзорства;

## ПОДДРШКА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

кои го негуваат македонскиот народен фолклор од Општина Могила. Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Могила;

## ОТВОРАЊЕ НА ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР ЗА АРХЕОЛОШКИ И ЕТНОЛОШКИ ЕКСПОНАТИ

со потекло од територијата на општината во Могила;

## ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО И ТРАДИЦИИ

како и нивна валоризација во туризам.

# 12. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Согласно надлежностите кои ги има општината, поради обезбедување на сигурност и заштита на граѓаните од Општина Могила, ќе ги преземеме следните активности:

## УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ:

Усвојување на план за заштита и спасување со кој ќе се предвиди унапредување на соработката со Територијалната противпожарна единица од Битола и со Центарот за управување со кризи и НВО;

## ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО ЗА ОПШТИНА МОГИЛА:

Општината во соработка со меѓународни донатори, општини од странство, од сопствени средства и во соработка со Владата на Република Македонија ќе обезбеди финансиска и техничка поддршка за формирање на доброволното противпожарно друштво како потреба од општ карактер за сите населени места;

## ПРОТИВПОЖАРНА ЕДУКАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ;

Едукација на граѓаните од Општина Могила за преземање мерки за спречување појави на пожар и навремено информирање;

## ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ХИДРАНТИ;

Одржување на постоечките противпожарни хидранти и поставување на нови во населените места каде сѐ уште не се инсталирани;

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ И РАСТЕНИЈАТА

ќе има строга контрола во чувањето на шумското богатство и ригорозни казни за сторителите кои недозволено ги сечат шумите и оние кои ги палат.

# 13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Размена на културни искуства, традиции и фолклор како патоказ на зближување и соработка меѓу пограничните општини;
- Ќе продолжиме со збогатување и продлабочување на контактите со нашите збратимени општини. Во наредниот период ќе работиме на воспоставување на нови контакти и продолжување на веќе воспоставените со цел збратимување со нови општини;
- Општина Могила активно ќе учествува со апликации во проекти од ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија – Грција;
- Одржување и зајакнување на контактите со дијаспората;

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*